РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-621/2
24.01 2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 17/11, 51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), министерот за образование и наука донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на тригодишни студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 27.01.14
Број: 03 222 | Прилог: | Вредност:

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, решение бр. 12-15/2 од 12.03.2013 година за акредитација на студиската програма од трет циклус на тригодишни студии по Ветеринарна медицина, Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се обрати со барање бр. 03-3478 од 11.09.2013 година, до Министерството за образование и наука, под наш бр. 13-11715/1 од 13.09.2013 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Министерот за образование и наука, со решение бр. 13-11715/3 од 16.12.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 11.12.2013 година, изврши увид и изготви извештај бр. 13-621/1 од 17.01.2014 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус на тригодишни студии по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- **Примач**
- **Архива**

Изготвил: Нухи Ајдини
Прегледал: Борчо Алексов
Одобрил: д-р Агим Рушити